**Известување за концентрација помеѓу Гринтех С.А. Романија и ГринТех Балтик, УАБ Литванија**

**(предмет бр. 08-78/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.09.2019 година, а дополнето на 15.10.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на самостојна контрола од страна на Гринтех С.А. (Greentech S.A.), со регистрирано седиште на Алеа Индустрилор 17, Бузау, Романија над ГринТех Балтик, УАБ (GreenTech Baltic, UAB), со регистрирано седиште на Санделиу Ст. 18, Вилнус, Република Литванија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Гринтех С.А.** е друштво кое припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата е составена од приватни инвестициски фондови (*equityfunds*) и портфолио друштва активни во разни сектори.

Абрис Групата е присутна на пазарот во Република Северна Македонија директно - преку друштвото ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица 852 бр.62, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност обновување на посебно издвоени материјали и индиректно - преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата.

**ГринТех Балтик, УАБ** е друштво кое е основано и работи согласно законите на Република Литванија. ГринТех Балтик, УАБ е активно со собирање и преработување на разни видови на отпад (вклучувајќи пластика) во Литванија.

ГринТех Балтик, УАБ не е воопшто присутно во Република Северна Македонија и нема остварено било каков приход во Република Северна Македонија во претходната година.

Подносителот на известувањето наведува дека релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар за собирање и преработување на отпад. Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и иститe треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

28.10.2019 година
Скопје